Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/25 и 135/25) и член 24 став (1) точка 4. од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 52/26), издадена на Друштвото за трговија и снабдување со електрична енергија ВОЛТОН ДООЕЛ Скопје, во Прилогот во точка 1, зборовите “ул. “Столтенбергова” бр.4-А/22 Скопје - Центар” се заменуваат со зборовите “ул. “Орце Николов” 74/1, кат 2, Скопје - Центар”.

2. Изменувањето од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и снабдување со електрична енергија ВОЛТОН ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. “Орце Николов” 74/1, кат 2, Скопје - Центар (во понатамошниот текст: Друштво) на 20 мај 2026 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност, УП1 бр.12-207/26 од 11 мај 2026 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 24 став (1) точка 4. од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето.

Седиштето на Друштвото се менува од:

“ул. “Столтенбергова” бр.4-А/22 Скопје - Центар” во

“ул. “Орце Николов” 74/1, кат 2, Скопје - Центар”.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-895/2 од 8 јуни 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 8 јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* и член 24 став (1) точка 4. од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија и снабдување со електрична енергија ВОЛТОН ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-207/26**
**8 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**